**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** *www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-30

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу ОНЕ Телекомуникациски Услуги ДОО Скопје и ДИС Он.нет ДОО Скопје од друга страна, а поднесено од ОНЕ Телекомуникациски Услуги ДОО Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 29.12.2010 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу **ОНЕ Телекомуникациски Услуги ДОО Скопје** со седиште на ул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, Скопје и **Друштво за информациски системи ОН.НЕТ ДОО Скопје** со седиште на бул. Партизански одреди бр.70 ДТЦ/Алуминка 5-ти кат Скопје по основ на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата**.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 01.11.2010 година, дополнето на 24.11.2010 година, **ОНЕ Телекомуникациски Услуги ДОО Скопје** (**во понатамошниот текст: ОНЕ**), согласно одредбите од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација помеѓу **ОНЕ** и **Друштво за информациски системи ОН.НЕТ ДОО Скопје** (во понатамошниот текст: Он.нет)

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

-**ОНЕ Телекомуникациски Услуги ДООЕЛ Скопје** (ОНЕ) со седиште на ул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, Скопје. ОНЕ е оператор кој обезбедува јавни електронски комуникациски услуги, вклучувајќи мобилни, фиксни, интернет услуги и дигитална телевизија и

-**Он.Нет ДОО Скопје (Он.Нет),** со седиште на бул. Партизански одреди 70/5, Скопје. Он.Нет интернет сервис провајдер со свое протфолио на услуги кое се состои од dial-up, ADSL broadband, и Wi-Fi безжичен пристап на интернет. Он.Нет исто така обезбедува и услуги на фиксна телефонија во Република Македонија.

1.1. **Поврзани претпријатија со претпријатијата учесници во концентрацијата**

-**Телеком Словеније д.д**. (во понатамошниот текст: ТС) со седиште на Цигалетова 15, Љубљана, Република Словенија. ТС. е сопственик на речиси сите телекомуникациски капацитети на територијата на Република Словенија. ТС обезбедува локални и меѓународни фиксни телефонски услуги, интернет услуги во Словенија, други телекомуникациски услуги и продава различни телекомуникациски прозиводи.

-ТС е XXX[1] сопственик на СИОЛ Б.В. во ликвидација ,Амстердам, Холандија;

-ТС е сопственик на XXX од уделите во ОНЕ директно додека индиректно (преку СИОЛ Б.В. во ликвидација) е сопственик на останатите XXX од уделите во ОНЕ;

-ТС поседува XXX од уделите на Он.нет;

- ТС поседува XXX од уделот во ДИГИ ПЛУС и

- ТС е XXX сопственик на акциите на ОНЕ то ОНЕ.

-**СИОЛ Б.В.** во ликвидација (во понатамошниот текст: СИОЛ) со седиште во Амстердам, Лоцателликаде 1 Парнассустрн, 1076А3, Холандија. СИОЛ е холдинг компанија.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**-Друштвото за електронско - телекомуникациски материјали и услуги ОНЕ то ОНЕ АД** Скопје (ОНЕ то ОНЕ) со седиште не Бул. Видое Смилевски Бато бр. 4, Скопје и предмет на работење: Трговија на мало на електронски и телекомуникациски материјали и услуги.

**-ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА** Друштво за телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје (ДИГИ ПЛУС) со седиште: на Булевар Партизански Одреди број 70/5 ДЦ Алуминка, Скопје. ДИГИ ПЛУС е оператор кој обезбедува јавни електронски комуникациски услуги поконкретно обезбедува пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници преку дигитална телевиија (DVB-T) на тероторијата на Република Македонија.

## 2. Правна форма на концентрацијата

Физичкото лице Предраг Чемерикиќ (во понатамошниот текст: ПЧ ) е имател на удел во Он.нет во износ од XXX. Согласно одредбите од Договорот за основање на Друштвото со Ограничена Одговорност ОН.НЕТ.ДОО Скопје (Пречистен текст) од 28.01.2009 година, ПЧ поседува XXX од уделот во Он.нет. Иако ПЧ поседува удел од само XXX согласно одредбите од наведениот договор истиот има одредено влијание врз работењето и одлучувањето во Он. Нет., и тоа:

- XXX.....

ОНЕ ќе пристапи како содружник во Он.нет врз основа на Договорот за купопродажба на удел и пренос на удел за продажба на XXX од уделите на друштвото Он.нет склучен на XXX година помеѓу ОНЕ и ПЧ. Согласно овој договор ќе се изврши истапување на содружник, пристапување на содружник, пренос на удел, промена на управител и останати соодветни дејствија.

Правната форма преку која ќе се изврши пријавената концентрација е со одржување на Собир на Содружници пред нотар на кој ќе се одлучува за купопродажба на удел и пренос на удел за продажба на XXX од уделите на друштвото Он.нет ДОО Скопје, согласно со која ќе се изврши истапување на содружник (ПЧ), пристапување на содружник (ОНЕ), пренос на удел, промена на управител и останати соодветни дејствија, како и донесување на Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност.

Со оглед на фактот што пред спроведување на предметната концентрација ПЧ има влијание врз одлучувањето во ОН.Нет, односно постои заедничка контрола на ТС и ПЧ врз работењето на Он.Нет, а по спроведувањето на предметната концентрација контролата врз работењето на Он.Нет ќе ја врши само ТС, пријавената трансакција претставува концентрација во смисла на член 12 од Законот бидејќи настанува промена на контролата врз Он.Нет на долгорочна основа.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**3. Правен основ на концентрацијата**

Правен основ на трансакцијата е Договорот за купопродажба на удел и пренос на удел за продажба на XXX од уделите на друштвото Он.нет склучен на XXX година помеѓу ОНЕ и ПЧ.

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

Вкупниот годишен приход на ТС остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2009 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX евра или приближно XXX денари[2].

Вкупниот годишен приход на ТС остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2009 година изнесува XXX денари, односно приближно XXX евра.

Вкупниот годишен приход на Он.нет остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во 2009 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX денари или приближно XXX евра.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, односно го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

**5. Структура на имателите на удели во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти)**

- ***Удели во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред спроведената концентрација (изразена во проценти)***

- ТС - удел во висина од XXX

- Предраг Чемерикиќ удел во висина од XXX

[2] (среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12.2009 година, 1 евро = 61,1732 денари)

- ***Удели во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, после спроведената концентрација (изразена во проценти)***

- ТС - удел во висина од XXX

- ОНЕ удел во висина од XXX

Како што е погоре веќе наведено СИОЛ и ТС заедно поседуваат XXX од уделите во ОНЕ, додека ТС е XXX сопственик на СИОЛ. Оттука по концентрацијата ТС ќе има целосна сопственост на Он.нет (XXX)

## 6. Релевантни пазари

### 6.1 Релевантен географски пазар

Комисијата смета дека релевантен географски пазар за целите на предложената трансакција е територијата на Република Македонија.

### 6.2 Релевантни пазари на производ

За целите на оценка на концентрацијта како релевантен пазар на производ може да се утврдат следните релевантни пазари:

- Обезбедување на мобилни телекомуникациски услуги за крајни корисници;

-Пазар на завршување на повик во фиксна или мобилна мрежа;

-пазар на обезбедување на услуги на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници;

-пазар на обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници;

-пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници;

-**Обезбедување на мобилни телекомуникациски услуги за крајни корисници**.На пазарот за обезбедување на мобилни телекомуникациски услуги за крајни корисници во Република Македонија, постојат три оператори на мобилни мрежи: Т-Мобиле Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст: Т-Мобиле), ОНЕ и ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ВИП).

Зацелите на оценка на пријавената концентрација Комисијата смета дека може да се дефинира единствен пазар за обезбедување на мобилни телекомуникациски услуги за крајни корисници, без притоа да прави поделба на пазарот според видот на корисниците (претплатници на пост-пејд или при-пејд корисници; резиденцијални или деловни корисници) или според технологијата која се користи (2G/GSM 900, DCS 1800 или 3G/IMT 2000 UMTS).

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата смета дека дефинирањето на потесни релевантни пазари за одделни видови на корисници (при-пејд и пост-пејд корисници, резиденцијални и деловни корисници) може да се остави како отворено прашање бидејќи истото не влијае врз крајната оценка на концентрацијата.

-**Пазар на завршување на повик во фиксна или мобилна мрежа.**Услугата за завршување на повик е услуга што ја обезбедува операторот на мрежа Б на операторот на мрежа А, при што повикот започнат од мрежата на операторот А се испорачува до корисникот во мрежата на операторот Б. Оттука, завршувањето на повик (заедно со интерконекцијата, врз која се темели) им овозможува на корисниците на различни мрежи да комуницираат меѓу себе.

Во таа смисла, доколку претплатник на мрежата А повикува број кој припаѓа на мрежата Б, повикот до тој број не може да биде заменет со повик до ниту еден друг број. Оттука, операторот кој го пренесува повикот кон тој број може да го достигне бараниот корисник само преку мрежата на која бараниот корисник е поврзан. Следствено, секоја индивидуална мрежа претставува посебен пазар за завршувањена повик независно од тоа дали станува збор за фиксна или мобилна мрежа. Оттаму, секој оператор има монопол на пазарот за завршување на повик во неговата фиксна или мобилна мрежа.

-**пазар на обезбедување на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници** Обезбедување на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници се состои од обезбедувањето на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и иницирање или примање на повици (локални, национални и меѓународни), за резиденцијални и деловни корисници.

Ваков пристап и услуги можат да се обезбедат со посредство на различна технологија. Во Република Македонија се уште најчесто употребувани се традиционалните телефонски мрежи составени од метални преплетени жици (бакарни прици). Други алтернативи на оваа технологија се мрежите за кабелска телевизија, мрежите за мобилна телефонија кои се адаптирани за да обезбедуваат услуги до фиксни локации (FGSM), како и други видови на безжични мрежи (на пример WiMax).

За целите на оваа концентрација, Комисијата смета дека не е неопходно да се дефинираат потесни пазари за обезбедувањето на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација; потесни пазари за локални, национални и меѓународни повици, како и потесни пазари за резиденцијални и деловни корисници. Од таа причина, како релевантен пазар Комисијата го утврди поширокиот пазар на обезбедување на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници.

Постојат неколку начини преку кои Он.нет обезбедува услуги од фиксната телефонија кон крајните корисници и тоа:

- ХХХ.....

ОНЕ нуди услуги од фиксната телефонија кон своите крајни корисници преку ХХХ и преку сопствена FixGSM платформа.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- **Обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници**. Широкопојасниот интернет пристап (broadband internet access) е услуга со која на корисниците им се овозможува пристап до интернет со висока брзина (над 256 kbit/s). За разлика од широкопојасниот интернет пристап, теснопојасниот интернет пристап овозможува пристап со помала брзина која во идеални услови може да достигне 56 kbit/s. Поради фактот што услугата широкопојасен интернет по своите карактеристики е различна од услугата теснопојасен интернет и дава многу повеќе можности за корисниците, овие две услуги претставуваат два различни пазари. Услугата на широкопојасен интернет може да се обезбеди со посредство на различна технологија, на пример ADSL, FTTH, WiMax, 3G и др. Услугата на широкопојасен интернет што ја нуди ОНЕ преку 3G технологијата може да се користи на секоја локација која е покриена со 3G, па затоа се нарекува и мобилен широкопојасен интернет. Поради таа карактеристика тој е различен од широкопојасниот интернет што го нуди ОН.НЕТ (ADSL), кој може да се користи само на фиксна локација.

За целите на оценка на предметната концентрација, Комисијата го остава отворено прашањето за точната дефиниција на пазарот односно се остава отворено прашањето дали обезбедувањето на услугата мобилен широкопојасен интернет претставува посебен пазар или заедно со обезбедувањето на услугата широкопојасен интернет на фиксна локација сочинуваат еден пазар бидејќи поинаквото односно попрецизното дефинирање на пазарот не доведува до поинаква оцена на концентрацијата.

Постојат неколку начини преку кои Он.нет обезбедува интернет сервис на крајните корисници и тоа:

- XXX....

ОНЕ своите интернет услуги кон крајните корисници ги нуди врз основа на XXX.

**– пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници**

Обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници опфаќа пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници со користење на различни технологии (кабелска телевизија, сателитска телевизија, IPTV и DVB-T). Независно од технологијата која се користи, Комисијата утврди дека постои единствен пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници.

ДИГИ ПЛУС обезбедува услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници преку DVB-T (ДВБ-Т) технологија под брендот Боом ТВ.

Платформата за БоомТВ сервисот фукнционира во согласност со ДВБ-Т стандардот за терестријално емитување на телевизија во дигитален формат.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Содржините се добиваат на два начини: преку прием на сателитски сигнал, или пак локално, од соодветните телевизии, XXX

Сите овие податоци мултиплексерот ги „пакува" во соодветен формат, генерирајќи три транспорт стрима, по еден за секој мултиплекс во согласност со тендерот за ДВБ-Т во Р.Македонија, кои потоа, преку micro-wave мрежа се дистрибуираат до сите локации каде што има поставено предаватели.

Предавателите зрачат на три фреквенции и обезбедуваат дистрибуција преку воздух на сервисот до крајниот корисник. Корисникот може да ги репродуцира емитуваните содржини со помош на дигитален приемник кој го добива при потпишување на договорот за користење на БоомТВ услугата.

ДИГИ ПЛУС започна со нудење на вква дигиталната телевизија од 11.11.2009 година.

7.**Проценка на пазарните удели на учесниците во концентрацијата**

7.1. **Пазар на обезбедување на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници (по број на корисници):**

**Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба 30.06.2010 година)** [3]




7.2. **Пазар на обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (по број на корисници):**

[3] Извор на податоци кој го користи подносителот на известувањето е Извештајот за развој на пазарот на електронски комуникации за вториот квартал од 2010 година на Агенцијата за електронски комуникации

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) во Извештајот за развој на пазарот на електронски комуникации за вториот квартал од 2010 година (Извештај) не ги определува процентуално уделите на пазарот на операторите туку наведува само дека од 81 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во 2009 година 70 субјекти обезбедуваа услуга за пристап до интернет.

Проценките на подноситлот се дека на овој пазар ОНЕ – има учество од 15,6%, Македонски Телеком АД има учество од 50% ,останатите оператори имаат учество од , 34,4% - Останати додека за Он.Нет проценка е дека има удел од 6,13%

**7.3.Пазар на обезбдување на услуги на пренос на аудиовизуелни (ТВ) содржини до крајни корисници**:

- **Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во вториот квартал од 2010 година по технологии**




Според Извештајот на АЕК, поделени по технологии за вториот квартал од 2010 година уделот на претплатниците на кабелска телевизија изнесува 76,19%, претплатниците на DVB-T имаат удел од 14,01% додека уделот на претплатници на IPTV и сателитска телевизија изнесува 9,59% односно 0,21%.

- **Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во вториот квартал од 2010 година**




## 8. Оцена на концентрацијата

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имено и досега ТС поседуваше ХХХ од уделите во Он.нет[4], а со купувањето на дополнителните ХХХ преку ОНЕ, ТС ќе се стекне со целосна контрола врз Он.Нет. Ваквата промена од заедничка во целосна контрола врз Он.Нет нема да доведе до промени во структурата на релевантните пазари бидејќи нема да доведе до создавање или зајакнување на доминантна позиција на ниту еден од релевантните пазари, ниту ќе има било какво друго негативно влијание врз конкуренцијата на наведените пазари.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 20 став 1 точка 2 од Законот за заштита на концентрацијата.

---

[4] концентрацијата помеѓу Друштвото за информациони системи ОН.НЕТ ДОО Скопје и ТЕЛЕКОМ СЛОВЕНИЈЕ д.д. Љубљана, Република Словенија, беше одобрена од Комисијата за заштита на конкуренцијата 07-177/7 од 06.10.2006 година.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**